# АДИНГФАВОРИТ

*Акрилатен завршен систем за изведба на декоративна обработка на подни површини и спортски подови врз асфалтни или бетонски подлоги*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингфаворит е висококвалитетен завршен акрилатен систем, идеален за изведба на надворешни или внатрешни спортски терени за рекреативни намени како тенис, одбојка, мал фудбал, кошарка и сл. Се користи како декоративен завршен слој за пешачки патеки, велосипедски патеки, плоштади, тераси и др. Трајните бои му даваат дополнителна вредност на објектот, добивајќи естетски обработени површини.

## СВОЈСТВА

- Одлична атхезија особено на асфалтна подлога
- Отпорност на абразија и UV зрачење
- Не содржи растворувачи
- Нетоксичен
- Водонепропусен
- Декоративен – изработка во различни бои и нијанси
- Монолитен под без фуги
- Економичен и едноставен за изведба

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| Својство | | Метода | Декларирана вредност |
|---|---|---|---|
| **АДИНГФАВОРИТ глет :** | | | |
| Изглед | А ком. | - | црна паста |
| | Б ком. | - | полнило |
| Густина | | EN ISO 2811-1 | (1,3 ÷ 1,35) g/cm$^3$ |
| Јакост на атхезија<br>бетон | | EN 13892-8 | ≥ 0,5 MPa |
| **АДИНГФАВОРИТ боен :** | | | |
| Изглед | | - | обоена пастозна смеса |
| Густина | | EN ISO 2811-1 | (1,8 ÷ 2,0) g/cm$^3$ |
| Отпорност на удар | | EN ISO 6272-1 | |
| бетон | | | без пукнатини |
| асфалт | | | без пукнатини |

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

**АДИНГФАВОРИТ** системот може да се нанесе на асфалтни и бетонски подлоги.

**Асфалт :** потребно е асфалтната подлога да биде со старост од минимум 14 дена и да има дебелина од минимум 5cm.

**Бетон :** потребно е армирано-бетонската плоча да биде со јакост мин. МБ30 и со дебелина од минимум 8cm. Пред бетонирање на плочата, подлогата треба да се хидроизолира со поставување на геотекстил и хидроизолација. Препорачуваме при изведбата на А.Б плоча, да се користи адитив - суперпластификатор, кој ќе го намали В/Ц фактор и ќе ја подобри компактноста и обработливоста на бетонот. Дополнително, бетонот мора да биде со старост од најмалку 28 дена, пред да се аплицира АДИНГФАВОРИТ системот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Пред аплицирањето на системот, површината на која истиот ќе биде нанесен треба да се подготви така што ќе ги задоволи следните услови: Површината мора темелно да се исчисти од прашина, масла, деривати и останата нечистотија, во согласност со упатствата на производителот. За адекватно отстранување на нечистотијата, неопходно е и чистење со вода под притисок. Доколку постои појава на раст на алги или други растенија, истите треба да се отстранат со употреба на соодветно средство за таа намена, кое потоа ќе биде темелно отстрането.
Евентуалните пукнатини треба механички да се отворат и да се заполнат со еластичен кит. Вдлабнатини поголеми од 0,5 mm се заполнуваат со користење на порамнителен слој од РЕПАРАТУР МАЛТЕР Ф.

## ВГРАДУВАЊЕ

Откако ќе се извршат сите претходни подготовки, се започнува со изведба на системот АДИНГФАВОРИТ.
**ПРАЈМЕР В :**
Нанесувањето е со четка или ваљак. Се нанесува во еден слој.
**АДИНГФАВОРИТ глет :**
Во период од 1-2 ч. по нанесувањето на прајмерот, се нанесува АДИНГФАВОРИТ глет. Материјалот се подготвува со припрема на следната мешавина :

- АДИНГФАВОРИТ глет А : Б = 1 : 1,8
- Вода (во зависност од температурата) 1,5 – 2,0 L

Смесата се меша со машински мешач (300 – 400 врт./min.) до потполно хомогенизирање. Така подготвената смеса се разлева и се разнесува во слој со еднаква дебелина со помош на гумена глетарка.
Доколку е потребно постапката се повторува по 24 часа на 20°C.
**АДИНГФАВОРИТ боен :**
По целосно сушење на АДИНГФАВОРИТ глет (минимум 24 часа на 20°C) и отстранување на евентуални нерамнини, се нанесува завршниот слој од АДИНГФАВОРИТ боен во два слоеви со гумена глетарка. Смесата се меша со машински мешач (300 – 400 врт./min.) и се разнесува со еднаква дебелина со гумена глетарка во два слоеви. Секој нареден слој се нанесува врз исушен претходен слој. Време на сушење при температура од t=20°C изнесува 24 часа. Пуштање во експоатација после 48 часа. Доколку е потребно обележување на новоизведениот под, тоа се изведува со боја на акрилатна основа АДИНГМАРКЕР.

## ПОТРОШУВАЧКА

| | | |
|---|---|---|
| Прајмер В : | | 0,15 – 0,25 kg/m$^2$ |
| Адингфаворит – глет : | (за бетонска подлога) | 1,00 – 1,50 kg/m$^2$ |
| | (за асфалтна подлога) | 2,00 – 2,20 kg/m$^2$ |
| Адингфаворит – боен : | (за два слоеви) | 1,00 – 1,20 kg/m$^2$ |

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба. Во текот на вградувањето потребно е повремено чистење на глетарките од засушениот материјал.

## ПАКУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Адингфаворит глет | сет од 50 kg |
| Адингфаворит боен | пластични канти од 25 kg |

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оргинално пакување, на температура од +5°C до +35°C и заштитен од директни сончеви зраци и мрзнење. Рок на употреба е 9 месеци.


АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## СТАНДАРДНИ БОИ

Адингфаворит зелен,
Адингфаворит светло зелен,
Адингфаворит син,
Адингфаворит светло син,
Адингфаворит црвен,
Адингфаворит виолетов,
Адингфаворит жолт,
Адингфаворит портокалов
Адингфаворит сив,
Адингфаворит песок,
Адингфаворит графит.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При инцидентен контакт на производот со кожата треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Адингфаворит е незапалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адинфаворит се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk